МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО

# И З В Е Ш Т А Ј

# "ОД СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ НА ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО ЗА 2022 ГОДИНА"

**Куманово, Февруари 2023 година**

СОДРЖИНА

**1. Појдовна основа** 5
1.1. Стратешки приоритети на Владата 5
1.2. Националната програма за социјална заштита 8
1.3. Стратешкиот план на МТСП 9

**2. Законски влијанија** 12

**3. Опис на социјалниот простор** 14
3.1. Демографските фактори 14
3.2. Економските фактори 14
3.3. Степен на образование на населението 15
3.4. Здравство 15

**4. Извештај за активностите** 16

**5. Права на парична помош од социјална и детска заштита** 16
5.1. Гарантирана минимална помош 18
5.2.Паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинство 18
5.3.Надоместок заради попреченост 19
5.4.Надоместок за помош и нега од друго лице 20
5.5..Надоместок на плата за скратено работно време 21
5.6.Додаток за домување 21
5.7. Траен надоместок 22
5.8.Еднократна парична помош 23
5.9.Социјална сигурност за стари лица 24
5.10.Детски додаток 25
5.11.Посебен додаток 25
5.12.Еднократна парична помош за новороденче 26
5.13.Образовен додаток 27
5.14.Родителски додаток(РД3 и РД4) 28
5.15.Паричен надоместок на мајка која родила четврто дете 29
5.16.Цивилна инвалиднина 30
5.17.Парична помош за лице кое до 18 год. имало статус на дете без родители и родителска грижа 31
5.18.Парична помош за студирање 31
5.19.Право на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување 32
5.20.Право на здравствена заштита 33
5.21.Народна кујна 33

6. **Социјална превенција и социјални услуги** 34
**6.1.Социјална превенција** 34
**6.2.Социјални услуги** 35
6.2.1.Услуги на информирање и упатување 35
6.2.2.Услуги на стручна помош и поддршка 35
6.2.3.Услуги на советување 36
6.2.4.Услуги во домот 36
6.2.5.Услуги во заедницата 37
**6.2.6 Услуги на вон-семејна заштита** 40
6.2.6.1 Живеење со поддршка 40
6.2.6.2 Згрижување во друго семејство 40
6.2.6.3 Сместување во установа 40
6.2.6.4. Сместување во групен дом 41

7. **Постапки што се водат во ЦСР** 41
7.1. Мировна постапка и доверување 43
7.2.Лица со нарушени партнерски/брачни односи 46
7.3.Дете на кое му се уредуваат односите со родител со кој не живее или блиски сродници 47
7.4.Доверување на дете родено во вонбрачна заедница 49
7.5.Малолетно лице кое наполнило 16 години и сака да склучи брак 50
7.6.Жртва на семејно насилство 50
7.7.Сторител на семејно насилство 51
7.8.Дете без родители и родителска грижа 52
7.9. Дете со попреченост 54
7.10.Дете во ризик 54
7.11.Дете во судир со законот 56
7.12.Дете под старателство 57
7.13.Старателство над дете за посебен случај 58
7.14.Надзор над вршење на родителско право 59
7.15.Одземање на родителско право 59
7.16.Посвојување 59
7.17.Полнолетно лице со попреченост 61
7.18.Старателство на лице со целосно одземена деловна способност 62
7.19.Старателство на лице со делумно одземена деловна способност 62
7.20.Старателство на возрасно лице за посебен случај 62
7.21. Лице кое употребува, односно злоупотребува дрога и други психотропни супстанци 63
7.22.Лице кое злоупотребува алкохол 63
7.23.Возрасно лице со изречена алтернативна мерка 64
7.24.Возрасно лице по отпуштање од казнена установа 64

7.25.Лице жртва на трговија со луѓе 64
7.26.Бездомно лице 65
7.27.Старо лице 65
7.28.Лице барател на право на азил, лице со статус признат бегалец или лице под супсидијарна заштита (за која категорија лица се однесуваат податоците ) 65
7.29.Носител на згрижувачко семејство 66
7.30.Носител на роднинско згрижувачко семејство 66
Други услуги што ги обезбедува ЦСР 67

**8. Останати активности 67**

**9. Функционирање на ЦСР 68**
9.1.Човечки ресурси 68
9.2.Просторно технички услови за работа 71
9.3.Финансирање 72
9.4.Надзори и инспекции врз работата на ЦСР 75

**Прилог : СЛЕДЕЊЕ, МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА 78**

# 1.ПОЈДОВНА ОСНОВА

## 1.1. Стратешки приоритети на Владата

Согласно член 34 од Уставот на Република Северна Македонија граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон колективен договор. Членот 35 од Уставот вели дека Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност. Републиката им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани. Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност. Републиката го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално-заштитната дејност и развива форми на самопомош.

Еден од стратешките приоритети на Владата е заштитата и грижата за најранливите категории на граѓани која ќе се реализира преку поддршка при вработување преку посебни програми и стимулации за приватниот сектор, зголемување на социјалната помош и останатите надоместоци за најранливите категории граѓани, обезбедување на услови за домување и изградба на социјални станови, заштита од енергетска сиромаштија, народни кујни итн.

За 2022 година Владата има донесено програма за работа со целосна поддршка за сите социјални категории.

Владата во својот мандат во делот на социјалната заштита ќе се фокусира на заштита на безбедноста и здравјето при работа на граѓаните, социјалната сигурност, борба против сиромаштијата, заштита на децата, поддршка на развојот на Ромите, унапредување на родовата еднаквост, превенција и заштита од дискриминација, како и изградба и реновирање на градинки и други објекти за обезбедување социјална заштита на населението.

Социјалните надоместоци, во своите видливо покачени износи, ќе бидат оебзбедувани за околу 300.000 граѓани. Социјалните трансфери соодветно ќе се зголемуваат во релација со економските текови и висината на инфлација.

Системот на социјална заштита е подготвен да ги апсорбира сите семејства во социјален ризик, при што во моментов 35.500 домаќинства се примачели на ГМП, детски додаток користат 47.000 деца и образовен додаток кој го користат околу 30.000 ученици и студенти.

Како дел од координираниот мултиинституционален пристап во справување со родово базирано насилство, насилство врз жените и семејното насилство, уште во 2022 година ќе се воспостават 5 специјализирани сервиси за жени жртви на родово базирано насилство и семејно насилство во Куманово 1, Кичево 2 и Гостивар 2.

Со буџетот за 2022 година се обезбедени средства за лични асистенти за лица со попреченост од 6 до 64 години како и социјална сигурност за стари лица-пензија која во моментов ја примаат околу 9.500 граѓани, а силната поддршка во овој сегмент продолжува до 2024 година.

Владата ќе продолжи да вложува во отворање на сервиси за заштита на жртвите од сите облици на родово базирано насилство во секоја општина на територијата на државата.

Ќе се приоретизира и програмата за реинтеграција на жени жртви на насилство во која ќе се вклучени модели за привремено домување, психичко советување со менторство, различни видови на финансиска помош специфично наменети за жени жртви на насилство, можности за образование и обуки во различни области, како и мерки за вработување утврдени во постоечката законска регулатива.

Со цел поефикасно финализирање на процесот и со цел обезбедување квалитетно спроведување на Стратегијата, Владата ќе пристапи кон Унапредување на институционалната рамка за имплементацијата на Националната стратегија за Роми преку формирање на систематизирана структура, односно нов Сектор за спроведување на Стратегијата за Роми во рамките на Генералниот секретаријат на Владата, како и јасно назначување на одговорни лица и тимови во рамките на ресорните министерства за имплементацијата на Националната стратегија за Роми. Со цел унапредување на интеграцијата на Ромите во Северна Македонија, Владата ќе ги спроведе следниве мерки во различните секторски политики:

Вработување:

• Подготвителна тренинг програма за олеснување на пристапот за вработување на Роми во државна и јавна администрација;

• Дисперзирани канцеларии на Агенцијата за вработување во општина Шуто Оризари преку поддршка од меѓународни фондови;

• Зголемување на опфатот во активните мерки за вработување и услуги со воведување на квота од 5% за опфатеност на Роми во оперативниот план за вработување;

• Поддршка за формализирање на неформална работа со креирање на сет мерки - пристап до финансии на претприемачи Роми преку креирање на Мечинг фонд и *кредитна* гаранција на Владата и меѓународниот фонд РЕДИ.

Домување:

• Урбанизација на ромските населби преку годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови (Вклучување во ГУП, изработка на ДУП);

• Поддршка за легализација на бесправно изградени објекти на ранливи категории од Ромската заедница;

• Изградба на типски куќи за Роми кои живеат во екстремно лоши услови или немаат живеалиште и реновирање на капацитетите за колективно домување на лицата кои немаат живеалишта во соработка со ЕЛС;

• Обезбедувања комунална инфраструктура – асфалтирани патишта, пристап до вода и канализациона мрежа во ромските населби.

Граѓански статус:

• Решавање на проблемот со лицата без документи и без државјанство преку новиот закон за неевидентирани лица и законот за државјанство;

• Спроведување на заеднички проект со Советот за регионална соработка за вработување на две лица во Управата за водење на матичните книги и МВР преку договор работа во рамките на проектот и систематизација на овие работни места.

Сиромаштија:

• Развој на нови социјални и комбинирани услуги на локално ниво;

• Воспоставување на шелтер центри за децата на улица.

Услугите и придобивките за граѓаните мора постојано да растат. Поради тоа, ќе се интензивира имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош со која се обезбедува остварување на правото на бесплатна правна помош од страна на социјално ранливи категории на луѓе, олеснување на условите за стекнување со правото на бесплатна правна помош, при што најголем акцент се става на правните проблеми со кои најчесто се сретнуваат.

Државата помага во делот на назначување на адвокати за давање на правни услуги на лицата кои врз основа на утврдени критериуми не ќе можат да ги платат трошоците во судски и управни постапки и управни спорови.

Со Предлог-законот за правата на децата, се предвидува адвокатите кои ќе ги застапуваат малолетниците пред МВР и Центарот за социјални работи да бидат исплатени од Буџетот на Министерството за правда согласно Законот за бесплатна правна помош како и лица баратели на азил.

## 1.2. Националната програма за социјална заштита

Социјалната заштита на граѓаните државата ја остварува во согласност со начелото на социјална праведност. Таа го воспоставува системот на социјална заштита и го овозможува неговото функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално-заштитната дејност и развива форми на самопомош. Како носители на социјалната заштита се јавуваат Републиката, општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје.

Социјалната заштита се утврдува како дејност од јавен интерес. Таа се дефинира како систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Системот се остварува преку стручна работа во установите за социјална заштита, спроведување на развојни програми, стручно усовршување на работниците во зависност од потребите на корисниците и меѓународните стандарди, следење на појавите и планирање на работата, водење на евиденција, како и преку спроведување на  надзор и истражувачка работа во оваа област. Покрај мерките за социјална заштита на граѓаните, грижата на државата за спречување на настанување на социјален ризик се остварува и преку преземање на мерки во даночната политика, вработувањето, политиката за стипендирање, домување, заштита на семејството, здравство, воспитание и образование и во други подрачја во согласност со закон.

Централна институција која врши креирање на политика, стратешко планирање, управување, како и надзор над законитоста, особено преку инспекцискиот надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа  на социјалната заштита е Министерството за труд и социјална политика. Установа за проучување на социјалните појави и проблеми и унапредување на социјалните дејности е ЈУ Завод за социјални дејности, која во својата надлежност го има и надзорот над стручната работа над установите во социјална заштита како и над други правни и физички лица, кои вршат определени работи во социјалната заштита. За остварување на системот на социјална заштита се основаат установи за социјална заштита (центри за социјална работа - ЦСР и социјални установи за вонинституционална и институционална заштита). ЦСР-и се основаат како јавни установи со јавни овластувања за вршење на работите од областа на социјалната заштита. Тие се одговорни за администрација на социјалните парични надоместоци и за обезбедување на социјални услуги.

Владата на Република Северна Македонија донесува Национална програма за развој на социјалната заштита во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развојот на социјалната заштита на граѓаните, со мерки на активна социјална политика, на среден и долг рок. Во согласност со оваа програма, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Тие може со своја одлука, во согласност со материјалните можности, да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита, права во поголем обем од

обемот на правата утврдени со Законот за социјална заштита и поповолни услови за нивно остварување, како и други облици на социјална заштита.

Здружение на граѓани кое е воведено во регистарот што го води МТСП и физичкото лице кое има дозвола за работа издадена од министерот за труд и социјална политика, можат да вршат работи од обласа на социјалната заштита, под услови, на начин и постапка утврдени со Законот за социјална заштита. Верските заедници, религиозните групи и нивните здруженија кои се регистрирани во Република Северна Македонија, можат да им помагаат на лицата кои имаат потреба од одделни видови на социјална заштита. За остварување на системот на социјалната заштита, покрај јавните се основаат и приватни установи за социјална заштита.

## 1.3. Стратешкиот план на МТСП

Стратешкиот план, е документ во кој се утврдени програми, потпрограми, проекти, мерки и активности кои треба да се остварат, заради обезбедување на економска благосостојба со праведна распределба на животните можности, како и со обезбедување на избор во различни животни фази, имајќи ја во предвид јасно дефинираната мисијата и визијата на Министерството за труд и социјална политика. Министерството за труд и социјална политика, согласно со своите надлежности ги обединува политиките поврзани со вработувањето, работните односи, социјалната заштита, правата и заштитата на децата и нивните семејства, социјалната сигурност на пензионерите, заштита од дискриминација и сл. Министерството активно и во континуитет подготвува, предлага и имплементира мерки, активности, закони и стратегии кои се однесуваат на регулирањето на работните односи и нивно подобрување, заштита на правата и сигурноста на вработените, решавање на проблемот на невработеноста, зголемување на мотивацијата за работа наспроти негативните влијанија на социјалните давања, јакнење на капацитетите на институциите на пазарот на трудот, јакнење на ефикасен и ефективен социјален дијалог на сите нивоа, функционирање на ефикасни социјални институции, обезбедување на социјална сигурност на лицата во социјален ризик, пензионерите, обезбедување на поголема еднаквост помеѓу половите и заштита од секаков вид на дискриминација и сл. Креирањето на политиките, мерките и активностите, се темелат на сеопфатни анализи, состојби и трендови, на меѓународните стандарди и позитивните искуства во Европската унија.

Согласно стратешкиот план на МТСП 2022-2024 година социјалната заштита се остварува низ развој и унапредување на системот за обезбедување на социјална сигурност на социјално и материјално загрозени лица; на лицата со попреченост, цивилните инвалиди, баратели на азил и бегалци; ги покрива проблемите од правна природа во бракот, семејството и вонбрачните заедници, односите меѓу родителите и децата, старателството и посвојувањето; креира и развива проактивни мерки за социјално вклучување со кои се зајакнуваат потенцијалите и капацитетите на корисниците, а со тоа посредно се зголемуваат нивните можности за активно учество на пазарот на трудот, подобрување на општата добросостојба, со крајна цел, намалување на сиромаштијата; ги усогласува законските норми со актуелните социо-економски услови, во соработка со

органите на државната управа; јавните установи (меѓу општинските центри за социјална работа, установите за социјална заштита; Заводот за социјални дејности), ЕУ и УН Агенции; УНДП; и други меѓународни институции;

Во Мај 2019 година е донесен нов закон за социјална заштита кој се заснова на начелата на правото на социјална сигурност и социјално осигурување на граѓаните, социјална праведност, хуманост и солидарност, согласно член 34 од Уставот на РСМ. Со овој закон за уредуваат системот и организацијата на социјалната заштита, корисниците на социјалната заштита, правата на парична помош и социјалните услуги, постапките за остварување на правата и користење на услугите, вршење на дејноста на социјалната заштита, кадрите, финансирањето и надзорот над вршењето на дејноста на социјалната заштита.

Социјалната заштита согласно овој закон е дејсност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните.

Социјален ризик е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјално функционирање на поединецот, семејството или одредена група, која може да дојде во потреба од социјална помош.Основните социјални ризици на кои е изложен поединецот во смисла на овој закон се мајчинство, болест, старост, смрт, повреда и попреченост.

Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Куманово е една во системот на установи на социјална заштита која е од јавен карактер и која ги извршува своите надлежности во рамките на постојната законска регулатива.

Тргнувајќи од основните стратешки документи во областа на социјалната заштита ЈУМЦСР Куманово работеше на имплементација на сите постојни законски прописи, но и во континуитет ги следи сите законски измени и постапува согласно истите.

Во однос на реструктурирање на системот на социјална заштита и тоа мерката која се однесува на Зајакнување на административните капацитети на општините преку формирање на одделенија за социјална заштита или посебни работни места, развивање на меѓуопштинската соработка преку формирање на заеднички административни тела, повремени или постојни заеднички работни тела и комисии за социјална заштита. Во Општина Куманово има одделение за социјална заштита кое работи на превенција и давање на одредени социјални права како што е еднократна парична помош, субвенција за вода и ѓубрарина, а од 2023 година и обезбедување на покривање на трошоци за домување на социјално ранливи категории на граѓани согласно закон.Во однос на мерката зајакнување на соработката во реализацијата на социјалната заштита преку формирање на локални совети за социјална превенција, вработување и социјални услуги, и воспоставување на механизми за нивна координација и соработка во Општина Куманово е формирано координативно тело за превенција од социјални ризици во кое членуваат и претставници од ЦСР Куманово кое во текот на изминатата година имаше неколку

состаноци и работа на конкретни случаи. Исто така формиран е и Социјално-економски совет во кој членуваат освен преставник од ЈУМЦСР, претставник од агенцијата за вработување, од општинската администрација како и членови од бизнис заедницата и истиот има донесено програма за работа во која составен дел е и работа на обезбедување на работни места за семејствата корисници на ГМП и нивна активација на пазарот на труд со што би требало да излезат од социјалните ризици кои се однесуваат на материјалната необезбеденост.Формиран е Совет за социјална заштита на североисточен плански регион во кој учество земаат градоначалници и директори на центри за социјална работа кој веќе има избран претседател и изготвена програма со активности а ЦСР Куманово зема активно учество со свои предлози.

Во однос на унапредување на капацитетите на ЦСР можеме да констатираме дека што се однесува на мерката воведување на посовремени, софистицирани компјутерски системи на евиденција за корисниците на социјални услуги и социјални парични надоместоци на ниво на ЦСР, со̀ што ќе се овозможи анализа, следење и креирање на политики врз основа на воведени индикатори ЦСР веќе работи во воведената СПИЛ програма во која се обединети сите права од социјална заштита. Потребна е нова компјутерска опрема која ќе ги следи новите софтвери и програми кои се пософистицирани и за кои старата компјутерска опрема нема поддршка.

Мерката воведување на компјутерска мрежна евиденција за поврзување на сродните институции во мрежен систем е делумно реализирана бидејќи податоците од останатите институции преку МТСП ги добиваме непосредно пред припремата за исплата и нема временска можност од изготвување на нови управни акти во системот со што се доведува во прашање решавање на предметите во законски утврден рок.Потребно е ажурирање на податоците со можност за печатење на доказен акт ( за поседување на моторно возило, имот и сл.)

Исто така немаме можност за добивање на документи од други институции по електронски пат за кои имаме законска обврска согласно донесените правилници за остварување на права од социјална заштита како што се изводи од матична книга на родени, венчани, починати и др.

Во однос на мерката подобрување на просторните услови во рамките на установите за социјална заштита, како и средствата и опремата за работа, согласно со нормативите и стандардите за секоја установа во текот на 2022 година ЈУМЦСР Куманово нема добиено нова опрема, освен минимални средства за тековно одржување на објектите, поправки на компјутерска опрема, автомобили и др.

Со мерката услуги поблиски до граѓаните веќе е потпишан Меморандум за во Општината Старо Нагоричане отворена е канцеларија за потребите на ЈУМЦСР Куманово, додека за канцеларијата во Општина Куманово сеуште нема Одлука на Совет и Меморандум за соработка и истата не е добиена на користење за потребите на ЦСР Куманово.

Во текот на 2022 година реализирани се сите јавни набавки согласно годишниот план за јавни набавки за кои ЈУМЦСР Куманово има добиено финансиска согласност од страна на МТСП, со кои се обезбедуваат сите потребни ресурси за непречено функционирање на установата.

Изготвен е проект за гасификација на објектот, но постапката за гасификација е во тек ( недостасува согласност од Општината ).

Согласно изготвениот елаборат за енергетска ефикасност на објектот заради потребата од комплетно реновирање на истиот ( менување на прозорци и врати, фасада и кровна конструкција со цел заштеда на енергија) доставени се апликации до МТСП за сите ставки поединечно, како и апликација за изградба на комплетно нов објект за службата во Липково.Како резултат на големата потреба на установата од нови компјутери, печатари и скенери изготвена е апликација со барање до МТСП во текот на 2021 година, но во текот на 2022 година немаме одговор за реализација на истите.

Во однос на мерката подобрување на кадровска екипираност во установите за социјална заштита со соодветни профили во текот на 2022 година реализирани се вкупно 1 ново вработување, 2 пензионирања и 1 унапредување.

## 2.ЗАКОНСКИ ВЛИЈАНИЈА

Во Мај 2019 г. е донесен нов Закон за социјална заштита, за прв пат донесен Законот за социјална сигурност на старите лица како и измени во Заштита на децата, врз чија основа се направени усогласувања и организациски промени.

Во 2020 и 2021 година имавме светска пандемија со КОВИД 19 вирус како резултат на што беа донесени низа уредби со кои беше олеснет пристапот на социјално ранливите категории до правата од социјална заштита.Како резултат на препораките за заштита по здравјето на вработените направена е нова организациска поставеност на целата институција ( шалтерски прием на барања ).

Во 2022 година се соочивме со економско- енергетска криза и заради ублажување на последиците од истата донесени се измени и дополнувања на Законот за социјална заштита.

Со исплатата на гарантирана минимална помош за месеците март, април и мај 2022 година, на секој корисник на гарантирана минимална помош беше исплатен еднократен додаток во висина од 1.000,00 денари за месеците март, април и мај 2022 година. Исплатата на еднократниот додаток се изврши со средствата наменети за гарантираната минимална помош.

Со Законот за финансиска поддршка опфатени се примателите на правото на социјална сигурност, корисници на посебен додаток, корисници на правото на надоместок

заради попреченост, лица со попреченост и трајни промени во здравствената состојба, кои користат надоместок за помош и нега од друго лице, а не користат право на надоместок заради попреченост, без потреба од контролен преглед, самохрани родители кои се евидентирани корисници на гарантирана минимална помош кои во текот на 4 месеци почнувајќи од месец Ноември 2022 година добиваат дополнителни 3.000 денари месечно.

Соочувајќи се со покачувањето на трошоците за живот Министерството за труд и социјална политика ги предложи измените на Законот за детска заштита. Со нив е направено зголемување на висината на посебниот додаток за 15% за сите три подвидови на корисници со цел подобрување на финансиската состојба на корисниците на правото на посебен додаток.

Врз основа на новите законски прописи и обуките кои беа спроведени на сите даватели на јавни услуги во Центарот, ЈУМЦСР Куманово работеше на имплементација на дадените насоки за интегрирано водење на случај, но во фази. Првата фаза опфаќа анализа на демографскиот простор на териториите на Општина Куманово, Општина Липково и Општина Старо Нагоричане и определување на територија за која еден стручен службеник ќе биде одговорен која фаза е веќе завршена. Втората фаза се однесува на интегрирање на сите права од една територија по домаќинства и префрлање на надлежноста во СПИЛ програмата која фаза исто така е завршена.Третата фаза беше интегрирање сите услуги по територии која исто така е завршена. Основен предизвик и проблем со кој се соочува ЈУМЦСР Куманово е недостатокот од стручни профили-водители на случај. Како проблем се појавува и недостатокот од простор за работа.

Како резултат на веќе завршените три фази може да се констатира дека истите се успешно реализирани и позитивните промени се веќе очигледни во однос на функционалноста како резултат на фактот дека се редуцирани увидите во домот од страна на 3-5 различни стручни лица ( сега увидот за сите права во едно домаќинство го води еден стручен работник ) и сите промени во тоа домаќинство се ажурираат од страна на само еден стручен работник. Интегрираното водење на предметите е позитивно и од аспект што барателот на одредено право според адресата на живеење информации за остварување на сите права од социјална заштита ги добива од еден стручен работник кој понатаму продолжува да го води низ системот.Водителот на случај работи на сите ризици во семејства кои се корисници на одредено право но и во семејства кои немаат материјален социјален ризик на одредена територија со што имаме квалитетен интегриран пристап на сите домаќинства кои имаат потреба од помош и поддршка.

Во делот на развивањето на социјалните услуги ЈУМЦСР Куманово во соработка со НВО Инклузива и Црвен Крст Куманово ја реализира услугата лична асистенција.

По приближно една година од добивањето на дозволата за вршење дејност од областа на социјалната заштита, во с.Оризаре Општина Липково функционира Дневен центар за лица со попреченост преку давател на услуга НВО Имаго плус.Во овој современ специјализиран Дневен центар на дневно ниво престојуваат 14 деца, а истиот има капацитет од 38 деца со попреченост од повеќе населени места во општината Липково.

Воспоставувањето на оваа социјална услуга и работата на овој Дневен центар се дел од Проектот за подобрување на социјалните услуги што го имплементира Министерството за труд и социјална политика, со поддршка од Светска банка.

Унапредувањето и развивањето на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и вклучување на општините и давателите на услугите во испораката на истите, треба да продолжи и во 2023 година.

Како резултат на одлука на Влада на РСМ, ЈУМЦСР Куманово изготви план за борба против корупцијата согласно кој има и нова организациска поставеност во однос на прием на барање, внес на барањето и доказните акти во системот, донесување на одлука, достава на донесениот акт до барателот, контрола на нерешени предмети во законски рок и др.

## 3.ОПИС НА СОЦИЈАЛНИОТ ПРОСТОР

### *3.1. Демографските фактори*

ЈУМЦСР Куманово ја покрива територијата на три општини Куманово, Липково и Старо Нагоричане. Наведената територија ја карактеризира разновидна национална, образовна, старосна стуктура, структура на бројот на вработени како и видови на професии со кои се бави конкретно население.

Според последниот попис во 2021 година во општина Куманово живеат 98.104 жители односно 30450 домаќинства. Од наведениот број 23.291 се деца и млади до 20 години додека 15619 се жители над 65 години. Преостанатите 59194 е население од 20 до 65 години.

Во општина Липково бројот на жители изнесува 22.308 односно 5412 домаќинства, од кои стари лица над 65 години партиципираат со 2110 лица. Бројот на деца и млади до 20 години изнесува 6557 додека преостанатите се лица помеѓу 20 и 65 години и нивниот број изнесува 13641.

Во општина Старо Нагоричане бројот на жители изнесува 3.501 односно 1346 домаќинства, од кои 672 се деца и млади до 20 години додека бројот на стари лица над 65 години ознесува 842. Останатите 1987 се лица помеѓу 20 и 65 години.

### *3.2. Економските фактори*

Според податоците на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од Ноември 2022 година, невработено население во Република Северна Македонија изнесува 113574 лица, а 46551 се регистрирани како други лица кои бараат работа.

Бројот на невработени кои ги покрива ЈУМЦР Куманово, според податоците заклучно со Ноември 2022 година изнесува 11975 лица. Од наведениот број во град живеат 6815 лица додека во селата живеат 5160 лица кои се невработени.

### *3.3. Степен на образование на населението*

Со додатокот за образование опфатени се и децата кои се во основни училишта со што има реално поттикнување на бројот на децата на школска и средношколска возраст да се вклучат во редовниот образовен процес.

Исто така со задолжителното посетување на образовна институција за корисниците на правото на паричен надоместок за трето дете во голема мерка дел од популацијата која со генерации не посетувала основно образование со ова задолжување младите генерации се опфатени во системот на основно образование која мерка значително влијае на севкупната образовна структура на населението.

Кога ќе се земат во предвид големина на територија, број на население, број на невработени лица, разновидна национална, образовна и верска структура на население сосема е јасно дека ЈУМЦР Куманово се соочува со обемна и сложена работа и дека се големи и комплексни проблемите и обврските кои се поставуваат како задача за решевање на сите вработени во Центарот. Фактот е дека општините кои се покриени со Центарот и по потенцијален број на корисници и по вид на стручна работа е голем, што наметнува големи обврски и работни задачи кои треба да бидат завршени во рок и квалитетно.

### *3.4. Здравство*

Во однос на здравствената заштита ЈУМЦСР Куманово обезбедува остварување на права и услуги за што е неопходно соодветен наод од лекарска комисија, во тој контекст за остварување на правото на ГМП е потребен наод од комисијата при Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за да се уважи коефициентот од 0,5 за лице со статус неспособно за работа.

Во однос на правото помош и нега од друго лице формирана е стручна лекарска комисија при Општа Болница- Куманово како надлежна за давање наод и мислење за остварување на ова право. Како резултат на потребата од поголем број на термини кои само една комисија неможе да ги реализира корисниците од Општина Куманово, Липково и Старо Нагоричане имаат прегледи и на други здравствени комисии во други градови.

Исто така потребно е наод и мислење од соодветна комисија во зависност од видот на попреченост за да истите бидат категоризирани или остварат право на посебен додаток.

ЈУМЦСР Куманово на корисниците им обезбедува здравствено осигурување во согласност со одредбите во член 66 од Законот за социјална заштита.

## 4.ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ

Во 2022 година воглавно е исполнето планираното, постапувајќи по барањата за паричните права.

## 5.ПРАВА НА ПАРИЧНА ПОМОШ ОД СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА.

| Број на предмети во работа | Предмети во работа | | | Планирани | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Гарантирана минимална помош | 5757 | 5806 | 5641 | 5738 | 97 |
| Надоместок заради попреченост | 865 | 775 | 754 | 703 | 51 |
| Надоместок за помош и нега од друго лице | 5449 | 5845 | 5239 | 6034 | 795 |
| Надоместок на плата за скратено работно време | 19 | 17 | 22 | 20 | 2 |
| Додаток за домување | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| Траен надоместок | 3 | 5 | 8 | 3 | 5 |
| Еднократна парична помош | 272 | 373 | 495 | 370 | 125 |
| Социјална сигурност на стари лица | 1001 | 1098 | 1165 | 1161 | 4 |
| Детски додаток | 4006 | 3614 | 3447 | 4064 | 617 |
| Посебен додаток | 495 | 496 | 490 | 504 | 14 |
| Еднократна парична помош за новороденче | 864 | 909 | 872 | 892 | 20 |
| Образовен додаток | 5349 | 5059 | 5077 | 5296 | 219 |
| Родителски додаток за трето и четврто дете | 2786 | 2516 | 2236 | 2292 | 56 |
| Парична помош за студирање | 11 | 9 | 7 | 7 | 0 |
| Право на здравствена заштита | 682 | 625 | 553 | 564 | 11 |
| Право на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување | 18 | 10 | 11 | 15 | 4 |
| Паричен надоместок за електрична енергија (Субвенции за електрична енергија) | 6430 | 6671 | 6512 | 6659 | 147 |
| Цивилна инвалиднина | 12 | 12 | 10 | 10 | 0 |
| Народна кујна | / | 145 | 150 | 138 | 12 |
| Вкупно | 34028 | 33986 | 32689 | 34471 | 1782 |

Во наведената табела се содржани податоци за вкупен број на предмети во работа во текот на цела година и тоа за последните три години, како и планот за претходната 2022 година и разлики од планираното до реализирано. Според табелата, во изминатата година вкупен број на предмети од сите права од областа на социјална заштита изнесува 32689 предмети. Наведениот број е помал во однос на 2021 година за 1297 предмети и за 1339

предмети помал од 2020 година кога вкупниот број на предмети изнесувал 34028 предмети. Според планот како вкупен број на предмети во работа за 2022 година има планирани 34471 предмети, што значи дека број на реализирани предмети е за 1782 предмети помал од оној кој е предвиден.

Според бројот на предметите правото Гарантирана минимална помош е најобемно и најбројно. Во 2022 година вкупен број на предметите изнесува 5641. Во поглед на планирани предмети се забележува дека се предвидени 5738 предмети што е за 97 предмети повеќе во однос на оној кој е реализиран во 2022 година.

Право кое исто така е обемно по бројот на предмети е правото на Надоместок за помош и нега од друго лице. Вкупниот број на предмети од ова право во текот на 2022 изнесува 5239. Инаку број на предмети во 2021 од ова право е 5845 што е за 606 предмети повеќе во однос на претходната 2022 година. Состојбата во врска со број на предмети во 2020 година изнесува 5449 предмети односно за 210 предмети повеќе во однос на 2022 година. Бројот на предмети кој е планиран за 2022 година изнесува 6034, односно за 795 е поголем од реализираниот.

На трето место според бројот на предмети е правото на Образовен додаток и тоа со вкупно 5077 предмети во работа. Бројот на предмети во 2022 година е за 18 предмети поголем во однос на состојбата во 2021 година кога изнесуваше 5059 предмети, додека во споредба со 2020 е за 272 предмети помал. Според планот, вкупниот број изнесува 5296, што значи дека остварениот број на предмети е за 219 помал во однос на предвидениот број на предмети во работа.

Правото на детски додаток е право кое по бројот на предмети има значајна партиципација во вкупниот број на предмети. Во 2022 година вкупниот број на предмети во работа изнесува 3447 и овој број е за 617 предмети помал во однос на оној кој беше очекуван и предвидуван според планот. Инаку наведениот број на предмети е за 167 предмети помал во однос на 2021 година, односно за 559 предмети помал во однос на 2020 година.

Правото на паричен надоместок за електрична енергија според податоците во табелата е најбројно право (според бројот на корисници) и изнесува 6512 предмети. Ваквата состојба произлегува од збирот на бројот на корисници на ГМП и Социјална сигурност на стари лица кои всушност се корисници на паричниот надоместок за електрична енергија.

## 5.1. Гарантирана минимална помош

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Предмети | Пренесени | 4251 | 4811 | 4958 | 4958 | 0 |
| | Новопримени | 1506 | 995 | 683 | 780 | 97 |
| | Укинати | 705 | 668 | 892 | 630 | 262 |
| | Одбиени | 241 | 180 | 264 | 190 | 74 |
| | Предмети во работа-нерешени | 192 | 160 | 55 | 150 | 95 |
| | Позитивно решени | 1211 | 847 | 524 | 600 | 76 |

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Корисници | Носители | 5516 | 5626 | 5377 | 5548 | 171 |
| | Вкупно корисници | 13247 | 13511 | 12262 | 13700 | 1438 |

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Исплатени средства | Исплатени средства | 374523005 | 456185648 | 428014230 | 460607000 | 32592770 |
| | Неосновано исплатени | / | 1916777 | 2275147 | / | / |
| | Вратени средства | / | 682916 | 691845 | / | / |

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Жалби | Поднесени | / | 52 | 76 | / | / |
| | Усвоени | / | 12 | 18 | / | / |
| | Одбиени | / | 34 | 55 | / | / |

- Број на изготвени Индивидуални планови- 926
- број на вработени корисници- 49

## 5.2.Паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството

| | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Корисници | Носители | 6430 | 6671 | 6512 | 6659 | 147 |
| | Вкупно корисници | 14161 | 14556 | 13397 | 14811 | 1414 |
| Средства | Исплатени/Потребни средства | / | / | / | / | / |

Паричниот додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството се исплаќа заедно со правото гарантирана минимална помош и правото социјална сигурност за стари лица и исплатените средства не можат да бидат прикажани поединечно.

**5.3.Надоместок заради попреченост**

| Вид попреченост | | Реализирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| тешка или длабока интелектуална попреченост | Пренесени | 187 | 165 | 5 | 5 | 0 |
| | Новопримени | 11 | 1 | 25 | 1 | 24 |
| | Одбиени | 6 | 4 | 3 | 0 | 3 |
| | Предмети во работа-нерешени | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Позитивно решени | 1 | 1 | 22 | 1 | 21 |
| најтешка телесна попреченост | Пренесени | 143 | 136 | 250 | 250 | 0 |
| | Новопримени | 16 | 37 | 51 | 25 | 26 |
| | Одбиени | 0 | 7 | 7 | 5 | 2 |
| | Предмети во работа-нерешени | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| | Позитивно решени | 15 | 32 | 43 | 20 | 23 |
| потполно слепо лице | Пренесени | 251 | 221 | 191 | 191 | 0 |
| | Новопримени | 13 | 3 | 7 | 5 | 2 |
| | Одбиени | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 |
| | Предмети во работа-нерешени | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Позитивно решени | 11 | 3 | 6 | 3 | 3 |
| потполно глуво лице | Пренесени | 239 | 186 | 221 | 221 | 0 |
| | Новопримени | 5 | 6 | 4 | 5 | 1 |
| | Одбиени | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| | Предмети во работа-нерешени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Позитивно решени | 5 | 6 | 3 | 5 | 2 |
| | Укинати | / | 76 | 70 | 47 | 23 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Средства | Исплатени/ Потребни средства | 50961264 | 51834320 | 52538857 | 50430000 | 2108857 |

Правото на Надоместокот заради попреченост во 2022 година вкупно брои 754 предмети во работа а кои според видот на попреченост се однесуваат на тешка или длабока попреченост и тоа 30 предмети, 301 најтешка телесна попреченост, 198 потполно слепо лице и 225 се однесуваат на потполно глуво лице. Новопримени се 87 предмети од кои 12 се одбиени а 74 се позитивно решени. Укинати се 70 предмети а еден предмет не е решен, додека вкупно 672 активни предмети ќе бидат пренесени во 2023 год. Во однос на планираното и реализираното се јавува разлика помеѓу планираните 47 предмети и реализирани 70 укинати предмети и разликата изнесува 23 предмети. Во 2022 год, реализирани исплатени средства за ова право изнесуваат 52.538.857 ден. а планирани се 50430000 ден. при што се јавува разлика од 2108857 ден.

### 5.4.Надоместок за помош и нега од друго лице

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Предмети | Пренесени | 3206 | 3699 | 3834 | 3834 | 0 |
| | Новопримени | 2243 | 2146 | 1405 | 2200 | 795 |
| | Укинати | 1129 | 983 | 1019 | 995 | 24 |
| | Одбиени | 621 | 1028 | 558 | 1050 | 492 |
| | Предмети во работа-нерешени | 347 | 241 | 123 | 210 | 87 |
| | Позитивно решени | 1866 | 1224 | 965 | 1181 | 216 |

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Исплатен и средства | Исплатени средства | 173908039 | 188361985 | 204513540 | 209020000 | 4506460 |
| | Неосновано исплатени | 249289 | 481128 | 97645 | / | / |
| | Вратени средства | 150982 | 490137 | 262005 | / | / |

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Жалби | Поднесени | 89 | 58 | 69 | / | / |
| | Усвоени | 12 | 26 | 6 | / | / |
| | Одбиени | 77 | 27 | 61 | / | / |

Вкупниот број на предмети за работа од право на паричен надомест за помош и нега од друго лице во 2022 изнесува 5239 од кои 1405 се новопримени. Според табелата, може да се констатира дека од 2020 г. присутно е намалување на бројот на новопримени предмети. Наведениот број на новопримени предмети е за 795 предмети помал во однос

на планираните предмети за 2022 година бидејќи како новопримени се наведени предметите односно корисниците кои за првпат се јавуваат како корисници, додека лицата кои имале контролен преглед и истите продолжиле да го остваруваат правото се наведени во пренесените предмети од претходната година. Бројот на позитивно решени предмети во претходната година изнесува 965, негативно решени односно одбиени предмети изнесува 1019, додека 123 предмети се пренесуваат во 2023г. како нерешени.

**5.5..Надоместок на плата за скратено работно време**

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Предмети | Пренесени | 13 | 16 | 17 | 17 | 0 |
| | Новопримени | 6 | 1 | 5 | 3 | 2 |
| | Укинати | 3 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| | Одбиени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Предмети во работа-нерешени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Позитивно решени | 6 | 1 | 5 | 3 | 2 |

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Исплатени средства | Исплатени средства | 2179037 | 2720933 | 3696986 | 3201000 | 495986 |
| | Неосновано исплатени | 39488 | 7532 | 0 | / | / |
| | Вратени средства | 39488 | 7532 | 0 | / | / |

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Жалби | Поднесени | 0 | 0 | 0 | / | / |
| | Усвоени | 0 | 0 | 0 | / | / |
| | Одбиени | 0 | 0 | 0 | / | / |

Број на предмети на корисници на надоместок на плата за скратено работно време во текот на 2022 година изнесува 22 предмети, од кои 17 предмети се пренесени од 2021 година. Во 2022 година 5 предмети се новопримени. Планот за 2022 се разликува за 2 предмети, односно во 2022 год. 5 предмети се нови, а планирани се три нови предмети. Вкупно исплатени средства за ова право изнесуваат 3696986 денари додека планирани се 3201000 денари. Исто така може да се нагласи дека за ова право нема поднесени жалби во претходните три години.

**5.6.Додаток за домување**

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Предмети | Пренесени | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | Новопримени | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Укинати | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | Одбиени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Предмети во работа-нерешени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Позитивно решени | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 |

| | | **Релизирано** | | | **План** | **Разлика** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Исплатени средства | Исплатени средства | 81954 | 36614 | 0 | 50000 | 50000 |
| | Неосновано исплатени | 0 | 0 | 0 | / | 0 |
| | Вратени средства | 0 | 0 | 0 | / | 0 |

| | | **Релизирано** | | | **План** | **Разлика** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Жалби | Поднесени | 0 | 0 | 0 | / | / |
| | Усвоени | 0 | 0 | 0 | / | / |
| | Одбиени | 0 | 0 | 0 | / | / |

**5.7. Траен надоместок**

| | | **Релизирано** | | | **План** | **Разлика** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2020 | 2022 | 2022 | |
| **Парична помош за згрижувач** | Пренесени | 1 | 1 | 2 | 2 | 0 |
| | Новопримени | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| | Укинати | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| | Одбиени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Предмети во работа-нерешени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Позитивно решени | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |

| | | **Релизирано** | | | **План** | **Разлика** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Исплатени средства | Исплатени средства | 322037 | 362027 | 549717 | 553000 | 3283 |
| | Неосновано исплатени | 0 | 0 | 0 | / | / |
| | Вратени средства | 0 | 0 | 0 | / | / |

| | | **Релизирано** | | | **План** | **Разлика** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Жалби | Поднесени | 0 | 0 | 0 | / | / |
| | Усвоени | 0 | 0 | 0 | / | / |
| | Одбиени | 0 | 0 | 0 | / | / |

Парична помош за згрижувач е право кое во 2022 година има вкупно 2 предмети од кои двата предмети се пренесени од 2021, укинат е еден предмет и еден се пренесува во 2023. Исплатени средства за 2022 година изнесуваат 549717 денари. Во текот на 2022 година за ова право нема поднесени жалби.

| | | Релизирано | | | План | Разлик а |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| **Родител кој се грижел за дете со попреченост** | Пренесени | 1 | 2 | 3 | 3 | 0 |
| | Новопримени | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 |
| | Укинати | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Одбиени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Предмети во работа-нерешени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Позитивно решени | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 |

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2019 | 2020 | 2021 | 2021 | |
| Исплатени средства | Исплатени средства | / | / | / | / | / |
| | Неосновано исплатени | / | / | / | / | / |
| | Вратени средства | / | / | / | / | / |

Исплатените средства кои се прикажани во претходната табела - парична помош за згрижувач ги опфаќаат и исплатените средства за родител кој се грижел за дете со попреченост поради тоа што се исплаќаат заедно со наведеното право и не е можно да се претставaт поединечно.

| | | Релизирано | | | План | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 | |
| Жалби | Поднесени | 0 | 0 | 0 | / | / |
| | Усвоени | 0 | 0 | 0 | / | / |
